# Анализа на ЕКО банкарските кредити во Република Македонија





# Анализа на ЕКО банкарските кредити во Република Македонија

- Оптималното искористување на ресурсите и на енергијата во домовите и во работните средини, повеќе не е луксуз и привилегија, туку е услов кој треба да обезбеди подобра иднина. Светските трендови на штедење се во насока на намалување на трошоците за живеење, но и на намалување на штетното влијание врз животната средина и контрола на емисиите на стакленички гасови.



# Анализа на ЕКО банкарските кредити во Република Македонија

- Примената на принципите на енергетската ефикасност е значајна во сите стопански сегменти, но и во домаќинствата. Енергетската ефиксност во светот веќе се препознава како најсилен и најделотворен начин за одржлив развој. За да се постигнат стандардите, потребни се поголеми инвестиции од вообичаените во квалитетни материјали и системи за поголема енергетска ефикасност.



# Анализа на ЕКО банкарските кредити во Република Македонија

- Во таа насока во овој труд е направена анализа на ЕКО кредитите кои ги нудат банките во Република Македонија, а кои се наменети за инвестиции во проекти кои имаат ефект заштеда на енергија, зголемување на енергетска ефикасност и намалено загадување на атмосферата со CO2. Ќе биде направена анализа на намената на ЕКО кредитите кои можат да ги користат домаќинствата и бизнис секторот, анализа на условите и критериумите кои се потребни за нивно одобрување како и анализа на придобивите од нивното користење.



# Анализа на ЕКО банкарските кредити во Република Македонија

**Што се постигнува со енергетско ефикасни инвестиции во домаќинствата?**

- Со енергетско ефикасните инвестиции се намалуваат трошоците за енергија
- Поефикасно греење, ладење и заштеда на средства
- Поквалитетен живот во Вашиот дом
- Избегнување на ризичноста од разни болести предизвикани од материјали штетни по здравјето
- Придонес за здрава животна средина со користење на обновливи извори на енергија и намалување на штетните влијанија кон околината



# Анализа на ЕКО банкарските кредити во Република Македонија

**Зошто енергетско ефикасни инвестиции за бизнис?**

- Намалување на потрошувачката на енергија, а со тоа и намалување на трошоците за енергија
- Стекнување конкурентска предност со користење на енергетско ефикасни машини и опрема
- Автоматизација на процесите во работењето
- Поздрава работна околина
- Поефикасно управување со ресурсите
- Поврат на инвестицијата
- Промена на навиките на однесување на вработените во насока на порационално користење ресурси



# Анализа на ЕКО банкарските кредити во Република Македонија

## Што може да се финансира со ЕКО-кредитите?

**Во станбени објекти или канцеларии:**

- Инвестиции во подобрување на изолацијата на веќе постоечки или нови објекти
- Инсталација на нови прозорци и врати
- Соларни панели за добивање топла санитарна вода
- Централизирани системи за греење, ладење и вентилација
- Ефикасно осветлување – поекономични светилки и системи за регулација на светлината
- Промена на типот на гориво кое се користи


Кров
Ѕидови
Под
Прозори
Врати



# Анализа на ЕКО банкарските кредити во Република Македонија

## Што може да се финансира со ЕКО-кредитите?

**Во индустриски и земјоделски сектор:**

- Инвестиции во веќе постоечки и нови објекти кои ќе бидат енергетски ефикасни
- Обнова на транспортни средства (возила кои исполнуваат ЕКО4 и ЕКО5 стандарди,
- трактори и камиони на ефикасен погон, високо ефикасни електрични мотори и сл)
- Енергетско ефикасна опрема и машини за производство
- Системи за автоматска регулација на греење, ладење, осветлување итн.
- Обнова на воздушни компресори
- Индустриски светлосни системи за заштеда на енергија
- Земјоделска механизација со која се заштедува енергија и се постигнува
- поголема ефикасност во работењето (комбајни, берачи, мелачи, млинови,
- мотокултиватори и сл.)
- Системи за наводнување во земјоделството
- Системи за греење и одржување на температурата во пластеници и оранжерии, итн.


Нови производствени машини
Нови ладилници
Ефикасни транспортни средства



# Анализа на ЕКО банкарските кредити во Република Македонија

**Од вкупно 15 банки во Република Македонија, ЕКО банкарските кредити како производи ги нудат само 4 банки, од кои, 3 банки го нудат овој тип на производ за физички лица, а 2 банки го нудат овој производ и за правни лица.**

| **Вкупен број на банки во РМ** | **Број на банки кои нудат ЕКО банкарски кредити** | **ЕКО кредити за физички лица** | **ЕКО кредити за правни лица** |
|---|---|---|---|
| **15** | **4** | **3** | **2** |



# Анализа на ЕКО банкарските кредити во Република Македонија

**Кога станува збор за висината на каматната стапка за ЕКО банкарските кредити, таа се движи од 4,4%-6% за физички лица, во зависност од банката која го нуди овој производ, додека за правни лица се движи од 6%-7% исто така во зависност од банката која го нуди овој производ.**

| Физички лица | Правни лица |
|---|---|
| 4,4%-6% | 6%-7% |



# Анализа на ЕКО банкарските кредити во Република Македонија

Кога станува збор за износот за ЕКО банкарските кредити, тој се движи до 100.000евра за физички лица, во зависност од банката која го нуди овој производ, додека за правни лица се движи до 500.000евра исто така во зависност од банката која го нуди овој производ.

| Физички лица | Правни лица |
|---|---|
| до 100.000евра | до 500.000евра |

# Анализа на ЕКО банкарските кредити во Република Македонија

**Придобивки од ЕКО кредити**

**Во сл. табела е направена пресметка за придобивките од инвестицијата кај домаќинствата:**

<table>
<tr><th colspan="2">Инвестиција</th><th>Трошоци пред инвестиција</th><th>Трошоци по инвестиција</th><th>Заштеда</th><th>Период на поврат на средства</th></tr>
<tr><td colspan="2">Замена на прозорци и врати во дом со површина од 100м2</td><td>20.000kWh/ годишно</td><td>12.000kWh/ годишно</td><td>8.000kWh/ годишно</td><td rowspan="5">9 години</td></tr>
<tr><td>Износ</td><td>10.000 €</td><td rowspan="4">84.000 МКД/годишно</td><td rowspan="4">50.400 МКД/годишно</td><td rowspan="4">33.600 МКД/годишно</td></tr>
<tr><td>Рок</td><td>3 години</td></tr>
<tr><td>Месечна рата</td><td>304€</td></tr>
<tr><td>Годишна фиксна каматна стапка</td><td>6%</td></tr>
</table>

# Анализа на ЕКО банкарските кредити во Република Македонија

## Придобивки од ЕКО кредити

**Во сл. табела е направена пресметка за придобивките од инвестицијата кај бизнисите:**

| Инвестиција | | Трошоци пред инвестиција | Трошоци по инвестиција | Заштеда | Период на поврат на средства |
|---|---|---|---|---|---|
| Замена на стари печки со нови кои работат на гас | | 64.000kWh/ годишно | 21.552kWh/ годишно | 42.448kWh/ годишно | 3,8 години |
| Износ | 15.000 € | 7.800 €/годишно | 3.900 €/годишно | 3.900 €/годишно | |
| Рок | 3 години | | | | |
| Месечна рата | 463,16 € | | | | |
| Годишна фиксна каматна стапка | 7% | | | | |

# АПЛИЦИРАЈТЕ ЗА ЕКО КРЕДИТ

1

## ОДБЕРЕТЕ ЈА ВАШАТА ИНВЕСТИЦИЈА

Согласно Вашите потреби, направете истражување и одберете најпогодна инвестиција за Вашиот дом. Направете буџет и консултирајте се со нашите советници за клиенти во која било експозитура или преку он-лајн формата за да бидете сигурни дека вашата инвестиција може да биде финансирана преку еко кредит.

2

Банка. Понесете со себе лична карта, пасош или друг валиден документ за идентификација и профактура за Вашата планирана инвестиција.

3

## КОМПЛЕТИРАЊЕ НА ВАШАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

По пополнување на апликацијата треба да ја комплетирате потребната документација за аплицираниот кредит, како документација поврзана со обезбедувањето и сл.

4

## АНАЛИЗА

По комплетирање на потребната документација, нашите советници за клиенти ќе направат кредитна анализа.

5

## ИСПЛАТА

По позитивната одлука на банката за Вашето кредитно барање, Вашиот банкарски советник ќе Ве информира и повика за потпишување договор за кредит. Вие во договор со банката можете однапред да одредите кога да биде платена профактурата и кој датум во месецот Ви е најпогоден за плаќање на месечната рата за кредитот.

1

## АПЛИЦИРАЈТЕ ЗА КРЕДИТ ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Банка. Потребни документи за апликација: лична карта од управителот на фирмата и тековна состојба не постара од шест месеци.

2

## АНАЛИЗА НА ВАШИОТ БИЗНИС

Нашите советници за клиенти ќе направат анализа на Вашиот бизнис, и со тоа ќе утврдиме колкав е Вашиот бизнис капацитет.

3

## КОМПЛЕТИРАЊЕ НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА

Доставетеја целокупната документација поврзана со кредитот, како: документација за обезбедување, профактура за инвестицијата и други документи по потреба.

4

## ИСПЛАТА НА КРЕДИТОТ

По позитивната одлука од страна на банката, Вие треба да потпишете договор за кредит. Банката ќе изврши плаќање на профактурата во корист Вашата планирана инвестиција. Во договор со банката можете однапред да го одредите датумот на плаќање на профактурата, како и датумот кој Ви е најпогоден за плаќање на месечна рата за кредитот.

# Заклучни согледувања